# THE FIGHT AGAINST MALARIA IN MACEDONIA DURING THE TWO WORLD WARS

**Verica Josimovska**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
verica.josimovska@ugd.edu.mk

## Abstract

For millennia, especially along the Vardar, Struma, and Crna Reka rivers, malaria has been a problem in Macedonia. Fighting infectious malaria, which took thousands of lives each year and caused suffering in millions more, was neither straightforward nor easy. For Macedonia, the introduction of organized medical care using cutting edge scientific theories to avoid infectious diseases like malaria was truly a privilege. Dr. Andria Shtampar and his standing in the world medical community played a pivotal part in all of this effort, providing enormous funding for the building of facilities and the acquisition of cutting-edge equipment to fight infectious diseases. The history of medicine has not yet taken notice of this rapid advancements in preventative medicine and the construction of healthcare facilities. In just 5 years, the entire territory of Macedonia was covered by a health network, and medical practices that until then were completely unknown. The principles and scientific concepts of social medicine, whose creator was Shtampar himself, led to a sharp increase of the standards in the fight against a number of infectious diseases that were until then considered inconclusive.

**Keywords:** malaria, Macedonia, Andrija Shtampar.

**Theme/s:** Social History, History of Macedonia, Medical History.

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology
history of art, ethnology,
other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Vladimir D. Mihajlovic
University of Belgrade
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

Проф. д-р Верица Јосимовска

# БОРБАТА ПРОТИВ МАЛАРИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Маларијата во Македонија со години била сериозен здравствен проблем. Се случувало понекогаш, во извесни периоди, целокупното население од едно место да биде болно од неа.  Со тоа комплетно бил парализиран животот на луѓето со големи економски загуби поради изгубената работоспособност. Покрај тоа што маларијата е смртоносна заразна болест и носела голем број на млади животи таа е болест која остава трајни последици и доживотен нвалидитет. Неквалитетниот живот и неспособноста за работа уште од детството и раната младост, била трагичната судбина на маларичните краишта во Македонија.[1]

За еден така сериозен здравствен проблем, во време на Османскиот период не постоела медицинска служба подготвена за борба со маларијата. Па и подоцна, во времето на Балканските војни, и особено во време на Првата светска војна, кога поради маларија биле запирани воените операции, кога од фронтот со трајна неспособност биле вратени 20 000 британски војници, ситуацијата не била ништо подобра. Посериозен пристап во борбата со ова големо човечко зло преставува работата на д-р Андрија Штампар. Тој застанал на чело на Хигиенското одделение (едно од петте одделенија) на Министерството за народно здравје на Кралството СХС, и со сосема нова научна концепција, како нејзин творец, започнал интензивна борба која побудила интерес кај медицинската елита од Европа и од светот. Периодот на д-р Андрија Штампар траел 10 години, кога поради несогласувања со Кралот Александар бил сменет и пензиониран на 42 години, во најплодниот период за еден светски признат стручњак.[2] Само за илустрација, пред неговото доаѓање 1919 година, на територијата на Кралството СХС немало ниту една социјално-медицинска установа, а само за 5

[1] Risto Brezjanin. (1966). Razvoj preventivne medicine Makedonije, Zbornik radova XV Naucnog sastanka NDZIZKJ, Beograd.

[2] Andrija Stampar. (1966). U borbi za narodno zdravlje. Izd. zavod JAZU, Zagreb, 30

години додека тој бил на чело, изградени се 250 такви установи. Тоа всушност е најинтензивниот период што го познава Историјата на медицината воопшто. Неговиот научен пристап за борба против маларијата и другите заразни болести направил од Македонија атрактивно место за идните светски лекари кои биле упатувани од своите држави, на практична работа во тогашните маларични станици низ Македонија. Еден мал дел од работата на таа грандиозна борба на медицинската служба е предмет и на овој труд.

Епохалните откритија на Луј Пастер и неговите следбеници отвориле нова т.н. бактериолошка ера во Европската и Светската медицина. И додека за медицинската наука 19 век значеше голем напредок, 20-от особено кон крајот во втората деценија значеше напредок и успех на нејзината практична примена.

За тоа време, во Македонија, како периферен простор на балканска Турција, царувале епидемиите кои само го менувале своето име од колера во маларија, тифус, дифтерија, вариола или туберкулоза. Времето за кое зборуваме останало овековечено во еден извештај на Американското друштво за заштита на воените сирачиња. Имено, непосредно по војната 1918 година по извршените проучувања за состојбата со здравјето на луѓето во Македонија ги дале следните податоци: "Во Македонија помалку од 12% од луѓето ги користат услугите на медицинската служба, затоа што лекар во близината нема или ако има, неговите услуги се многу скапи. Обично болните се препуштени на самооздравување или на милоста на лекариците, бајачките, гаталците или пак на смрт. Селаните се вели понатаму во извештајот и да имаат понекаде современи алатки за обработување на земјата, сепак спијат на подот, за совет за своето дете се обраќаат на бабите, јадењето го приготвуваат на отворено огниште по нечистите подови на колибите. Во Македонија еден лекар покрива подрачје од на 80.000 жители."

Новата страница во историјата на превентивната медицина во Македонија започнува на 28 мај 1919 година кога на чело на одделението за расна, јавна и социјална хигиена во Министерството за народно здравје на кралството СХС доаѓа д-р Андрија Штампар – творецот на современите научни концепции.[3]

---

[3] Исто таму, 26

Тој добро знаел и проценил дека меѓународните организации и нивните експерти можат многу да му помогнат за спроведување на неговата стратегија и политика. Најголема помош успеал да добие од хигиенската организација на лигата на народите и Рокфелеровата фондација. Сите тие силни врски со професорите на разни универзитети и со луѓето од јавниот и научниот живот биле ризница од која тој богато црпел за развој на здравствената служба на земјата.

Дека неговата работа заслужува посебно внимание сведочат и бројните публикации на посетителите на новосоздадените усанови. Една од нив е г-нот Жак Ансел професор на Институтот за високо интернационални науки во Париз кој ја пропатувал Македонија и впечатоците за работата на искоренувањето на заразните болести, особено маларијата, ја публикувал во својата книга посветена на работата на хигиенските установи во парискиот "Информатион". Во Швајцарија биле одржани радио предавања на тема борбата против маларијата во Македонија.

Социјално медицинската работа која започнала без традиции во нашите краишта била нешто потполно ново. Но започнала во поволен психолошки момент. По исцрпувачките војни што ги доживеал македонскиот народ, желбата за здравје и подобар живот била голема и силна. Се чини никаде во светот здравјето толку не се ценело како кај нас.

Идеологијата на Штампар и една мала група лекари кои го искористиле овој поволен психолошки момент се состоела во грижа за здравјето на човекот, не од раѓањето туку од неговото зачнување па се до смртта. Да се води грижа за она што медицината веќе поодамна го има утврдено и поставено како свој принцип: дека не е главно лекувањето на болеста туку нејзиното спречување а тоа неминовно треба да се вгради во актуелната здравствена политика.

"Рационалноста бара да се затворат прво изворите на злото па дури тогаш да го искоренуваме тоа зло, зошто ако ја пуштиме водата да влезе во бродот и да се ограничиме само на нејзиното црпење тоа е една сизифова работа". Штампар заклучува: "без етички нема ни здравствен препород. Оној што сака да го подига народното здравје тој треба најнапред да ја подига етичката свест". [4]

[4] Andrija Štampar. (1939). Zdravlje i društvo. Izd. Hrvatska naklada Zagreb, 122

Веќе 1921 година во Скопје под раководство на прочуениот бактериолог д-р Вацлав Нохејл се отвара првата социјално-медицинска установа во Македонија, бактериолошката станица во Скопје. Нешто подоцна во 1922 година отворена е втора таква установа во Битола. Тие ја превземаат должноста за сузбивање на заразните болести на својата територија. Во составот на Бактериолошката станица во Скопје основана е специјална лабораторија за испитување на тропски болести во која работи д-р Чедомир Симиќ.

Значајна улога во епидемиски поглед имале т.н. епидемиски колони кои во кралството ги имало 3. Една во Белград, друга во Скопје и трета во Битола. Тие се состоеле од 4 пространи автомобили од кои еден бил бактериолошка лабораторија со целиот потребен прибор за работа, другиот за транспорт на болни, третиот за капење а четвртиот за дезинфекција и дезинсекција. Тие во секое време биле подготвени за акција нешто слично како противпожарната служба од што го добиле и називот мобилни епидемиски автоколони.

За посериозни епидемиски прилики, Министерството за народно здравје (МНЗ) располагало со 2 санитетски воза едниот во Ниш и другиот во Скопје. Во текот на 1921 година бил инсталиран уште еден санитетски воз модерно опремен со вагони за работа на терен низ Македонија со седиште во Велес. Поради огромниот проблем со маларијата МНЗ својата епидемиска комисија ја преименува во антималарична комисија.

Имало денови во 1921 година кога цели возови изостанувале поради тоа што целокупниот персонал бил болен од маларија. Министерството за народно здравје на Кралството, поточно хигиенското одделение за сузбивање на маларијата 1921 година го повикува д-р Макс Ајглинг, доц. на Виенскиот Медицински факултет, признат познавач на палудизмите, на чело на една стручна експедиција во која учествувал и прочуениот паразитолог д-р Евгениј Џунковски, д-р Лазаревиќ, д-р Сергије Рамзин, д-р Миливој Ранков и д-р Стојановиќ. Таа комисија го презела испитувањето на маларијата во Македонија. Антималаричната комисија за својата работа имала на располагање 4 мобилни лаборатории, санитетски воз и автоколони. Комисијата ги поминала сите краишта на Македонија испитувајќи ги од агрономски и хидролошки аспект и во својот

извештај го презентирала заклучокот од вршените испитувања дека од овие краишта се пренесува тропски тип на маларија и други видови на тропски болести.[5]

По спроведените испитувања Комисијата дала предлог дека во Скопје неопходно е да се изгради Институт за тропски болести да се отвори веднаш уште една бактериолошка станица во Битола, што е и направено 1922 година со која раководи како шеф д-р Миливој Ранков, епидемиолог д-р Десанка Кирковиќ и д-р Никола Филипов.[6]

Исто така на предлог на Комисијата отворена е станица за сузбивање на маларијата во Штип 1923 годинасо која раководи д-р Ѓеза Алковиќ – епидемиолог и Ирена Јакобсон – бактериолог и уште една Станица за сузбивање на маларијата во Струга истата година која му е доверена на д-р Региналд Тимер.[7]

Хигиенското одделение при МНЗ тесно соработувало со хигиенската секција на Друшрвото на народите а преку нив и со Рокфелеровата фондација. Така во 1923 година на покана на МНЗ, односно д-р Андрија Штампар, во Македонија допатувале двапати едноподруго: претседателот на Фондацијата д-р Винсент, потпретседателот и претставник на Фондацијата во Париз д-р Ган и д-р Расел, директор на Меѓународниот здравствен совет на фондацијата, кои се запознале со работата на хигиенските установи. Веднаш по враќањето претседателот д-р Винсент му предложил на одборот на Фондацијата во Њујорк да се одобри извесна сума пари за стипендија на лекари по хигиена и средства за работа на превентивната медицина.

Потоа во почетокот во 1924 година д-р Штампар во името на МНЗ го повикал директорот на хигиенската секција на Лигата на народите, д-р Лудвиг Рајхман со цел да го запознае со работата на хигиенската служба и се што е направено од војната наваму, во поглед на сузбивањето на заразните болести.[8]

Веднаш по враќањето д-р Рајхман воодушевено изјавил дека се она што е направено во Македонија и другите краишта на кралството може да им служи на чест и на подобро организиранитр држави во Европа и Америка.

---

[5] Е. Јосимовска,(2005). 90 години завод за здравствена заштита-Штип. Штип, 72.
[6] П. Бојаџиевски. (1992). Здравството во Битола низ вековите. Битола, 160
[7] Гласник МНЗ (Министарство народног здрављља) , 1925
[8] Е. Јосимовска,(2005). 90 години завод ...цит. дело, 88

На состанокот на Хигиенскиот комитет за време на второто заседание на Хигиенската комисија, донесена е одлука да се упати антималарична комисија во Македонија, земја која спаѓа меѓу најзагрозените со маларија и на лице место да се запознаат со методите на нејзиното сузбивање.

Така на 29 мај 1924 година во Македонија допатувала антималаричната комисија на Лигата на народите, на чело со претседателот д-р Нохт од Хамбург, д-р Колон Џемс од Лондон, проф. д-р Швеленгребел од Амстердарм, проф. д-р Отоленти од Болоња, д-р Анштај од Варшава, проф. д-р Циука од Јаша, проф. д-р Питалуга од Мадрид како претставник на народите. На целиот пат Комисијата ја предводел д-р Андрија Штампар. Единствено проф. д-р Марциновски и д-р Рубоскин од Русија биле спречени да дојдат во Скопје и другите хигиенски установи во Македонија.

Во Скопје во месец март 1925 година во Скопје допатувал специјален пратеник на Рокфелеровата фондација г-дин Хакет со задача да ја проучи организацијата за работа против маларија и нејзиното спречување. Речиси истовремено во посета дошол и д-р Колински началник на МНЗ од Прага со својот секретар, г-динот Мичел како претставник на Рокфелеровата фондација исто така со својот секретар г-динот Лајтен. Сите тие детално се информирале за прашањата од социјална медицина и хигиена.

Тие присуствувале и на свеченото отварање на Институтот за тропски болести во Скопје ополномоштени во свое име, да ги претставуваат своите влади.

Покрај другите присутните ги поздравил д-р Андрија Штампар бурно поздравен од народот зошто Институтот напросто бил опколен од народ, поради тоа што нему му припаѓала најголемата заслуга за подигање на Институтот. Потоа на присутните им се обратил претставникот на Лигата на народите д-р Лотијан на англиски јазик, претставникот на Рокфелеровата фондација д-р Мичел, преставникот на Чехословачка г-дин Колиницки, д-р Ричард Буријан и др.

Важно е да се истакнат зборовите на претставникот на Друштвото на народите кој рекол: „со овој Институт може да се гордее Европа, Европа треба да ви испраќа добри лекари а вие вашите млади и верни луѓе во Европа за да се подготвуваат за оваа голема должност и работа на Институтот“.[9]

[9] „Политика“, бр. 6089, 6 април 1925 год. , стр. 3

Институтот за тропски болести бил сместен во подножјето на Водно, во близината на железничката станица, со вкусно и модерно изградена двоспратна зграда со преку 20 простории специјално опремени за стручни испитувања и работа. Внатрешното уредување, за тоа време, претставувало совршенство на техниката и лабораториската опрема.

Покрај сопствената електрична централа која зградата на Институтот ја снабдувало со електрична енергија за функционирање на разни апарати и осветлување, Институтот имал инсталација за централно греење, водовод, со топла и ладна вода светлечки гас за лабораториски потреби. Пространите лаборатории биле снабдени со модерни инсталации за работа и целокупна комплицирана апаратура која овозможувала организирање и изведување на разноврсни експерименти и изучувања. Неколку од просториите во приземјето и првиот кат специјално биле резервирани за испитувања над животни, операциони, дисекциони сали, аквариум и терариум за разни култури и хемиски испитувања.

Еден извесен број на сали бил одреден за сместување на библиотеката, научни збирки и за организирање на стручни курсеви.

Таков институт, по мислење на стручњаците, немало не само на Балканот туку и во цела Европа и во многу цивилизирани земји. Основањето на еден социјално хигиенско завод во Скопје со најмодерен стил претставувало навистина важен момент за историјата на Македонија и затоа 5 април 1925 година е датум за паметење.[10]

Институтот бил поделен во 4 одделениа. бактериолошко, паразитолошко, хематолошко и хемиско.

Секое одделение било сместено со специјални лаборатории и простории со цела серија потребни апарати, инструменти, хемикалии и реагенси. Предмет на неговата работа покрај борбата со тропските болести, кои оделе рака под рака со сиромаштијата, била да ги испитува општите хигиенски услови на живот во Македонија, особено исхраната. Со неговото основање престанала да постои дотогашната бактериолошка станица.

[10] Исто таму

Во почетокот Институтот му бил доверен на раководење на д-р Нохт, прочуен светски паразитолог и директорот на Хамбуршкиот институт за тропски болести.

Во програмата за работа на Институтот влегува интензивна хигиенска пропаганда но со голема разлика од дотогашната, неенергична и стерилна пропаганда од разни филантропски друштва. Голите совети се покажале не ефикасни. Како на селанецот можело да му се докаже дека подобро е да спие на кревет одошто на земја, ако не му се овозможи тој кревет и да го набави. Во народот било неопходно да се разбуди поимот за вредноста на здравјето. За таа цел неколку месеци подоцна, на 1 ноември 1925 година на свечен начин била отворена и "стална хигиенска изложба", нова установа во состав на Институтот. Отварањето било извршено во присуство на сите државни надлештва и застапници на странски држави.

Изложбата воглавно се однесувала на маларијата. Зградата била зидана исклучиво за таа намена од цврст материјал во облик на шестоаголник од 140 м2. Во неа биле изградени 6 големи простории од кои една централна, меѓусебно поврзани со врати. Покрај оваа постојана биле уредени и 3 подвижни хигиенски изложби кои постојано биле во движење од место во место со голем број посетители. Исто така бесплатно се делел пропаганден материјал, списанија, плакати, летоци и брошури.

Во јули 1926 година во Скопје допатувал и претседателот на Рокфелеровата фондација д-р Винсент со цел лично да се увери за резултатите за кои многу се зборувало. Необично одушевен од она што го видел тој извадил свои лични средства од 5000 динари и ги подаринл на Институтот.

Истата 1925 година со решение на Министерот основани се школски поликлиники во Битола и Штип и ДНЗ во Прилеп како подредена установа на Бактериолошката станица во Битола а 1926 година основана е Здравствената станица во Ресен.

Во 1927 година Институтот за тропски болести е преименуван во Хигиенски завод со свои одделенија и подредени хигиенски социјални установи. Сите здравствени установи за маларија и сузбивање на другите заразни болести се преименуваат во здравствени домови па така подредени установи на хигиенскиот завод се здравствениот дом во Штип, во Битола во Прилеп, Куманово, Струмица, Тетово и Струга. Отворени се здравствени станици по селата: со еден збор една широка мрежа

на здравствени установи кои ќе бидат во состојба да ја пружаат потребната здравствена заштита пред се од заразни болести на населнието.[11]

Од 1941 година Хигиенскиот завод во Скопје и сите нему подредени у станови подпаднале под надлежност на МНЗ на Бугарија со седиште во Софија.

Новото име на Хигиенскиот завод е Хигиенски институт – скопје чиј началник е д-р Љубанов. Во овој Институт покрај началникот работи еден микроскопист, еден дезинфектор и еден економ. Тоа бил целокупниот персонал во тоа време. Подоцна од 1943 до 1944 година со Институтот раководи д-р Вангелов.

Од 1945 година започнува нова историја на македонската медицина во разурната, опустошена, испокрадена и разграбана Македонија. Борабата за еридикациај на маларјата била долга и траела повеќе години. Во 1972 година не бил забележан ниту еден случај во Македонија со што се смета дека е искоренета како заразна болест на овие простори.

Литература


- Бојаџиевски, П. (1992). Здравството во Битола низ вековите. Битола.
- Јосимовска, Е. (2005). 90 години завод за здравствена заштита-Штип. Штип.
- Медицински Годишњак “Краљевине Југославије”, (1933). Белград.
- Миленковиќ, Б. (1933). Организација санитета у Југославији. Београд
- Ранков, Р. (1927). Рад хигиенских установа у Јужној Србији 1926 године. Скопје.
- Тодоровиќ, К. (1958). Акутне инфективне болести. Београд.
- Штампар, А. (1925). Пет година социјално медицинског рада у Краљевини СХС. Београд.


[11] Податоците за сите хигиенски установи во Македонија во 1927 година се користени од Извештајот на д-р Миливој Ранков, директор на Хигиенскиот завод во Скопје, објавен во Скопје, 1928, 148-153.